РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 08-275/2
23.09 20 14 год.
Радовиш

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), Одлуката за доделување на стипендии на ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш бр.07-1330/2 од 04 јули 2013 г. и (Сл. Гласник на општина Радовиш бр.) и Правилникот за доделување на стипендии на ученици во основното и во средното образование од општината Радовиш бр. бр.07-1330/1 од 04 јули 2013 г. (Сл.Гласник на општина Радовиш бр.12 од 8.7.2013 г.), Градоначалникот на општина Радовиш распишува

# **К О Н К У Р С**
## **за стипендирање на ученици во основните училишта во општина Радовиш и СОУ Коста Сусинов Радовиш за учебната 2014/2015 година**

За учебната 2014/2015 година
Општина Радовиш ќе додели:

- 20 стипендии на талентирани ученици од **VI до VIII, т.е IX** одделение во сите пет основни училишта во општина Радовиш во основното образование во општина Радовиш од кои 15 стипендии по Програмата од прво до осмо одделение и 5 стипендии за деветто одделение по Програмата од прво до деветто одделение. Стипендијата е во висина од 2 500,00 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

- 8 стипендии на талентирани ученици од **I-IV** година во средно образование од кои: 5 стипендии во прва година – по една за ученици од сите 5 општински, основни училишта и по една за 2, 3 и 4 година. Стипендијата е во висина од 3.000,00 денари месечно , а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

- ***Напомена: Во делот на учениците, коишто со завршено основно образование, ќе аплицираат за стипендија во I година средно, со 10 бодови плус ќе бидат бодирани оние ученици, коишто ќе се запишуваат во општинското средно училиште во Радовиш***.

**Услови за доделување на стипендии**

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат во училиштата во општина Радовиш во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. Редовни ученици од основното образование со континуиран одличен успех кои освоиле I, II и III награда на општински, државен и меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот на училиштните натпревари ***организирани и спроведени преку образовниот систем.***

2.Редовни ученици од средно образование со континуиран одличен успех кои освоиле **I, II или III** награда на општински, државни и меѓународни натпревари од областа на науката, техниката, културата и спортот на училиштните натпревари ***организирани и спроведени преку образовниот систем.***

***Напомена: Освен со континуиран одличен успех, нема да бидат земени во предвид ученици со многу добар, или добар успех.***

3.Да се жители на Општина Радовиш и

4.Да се државјани на Република Македонија.

**<u>Потребни документи за учество на конкурсот за стипендии</u>**

1. Барање од апликантите до општина Радовиш.
2. Свидетелства за континуиран одличен успех и примерно поведение.
3. Потврда за запишана година .и во основно и во средно.
4. Диплома за освоени награди на општински и државни натпревари.
5. Диплома, за освоено место на меѓународни натпревари.
6. Препорака од менторот.
7. Препорака од наставничкиот колегиум.
8. Уверение за семејно материјална положба.
9. Потврди за личен доход на вработени членови.
10. Потврда од Агенцијата за вработување за невработените членови од семејството.

13.Есеј на ученикот на тема ,,Како би и помогнал на локалната заедница како иден експерт".

14. Фото копија од лична карта, или пасош и

15. Трансакциона сметка ***на име на ученикот што апплицира за стипендија.***

**<u>Место и рок за поднесување на документите</u>**

Барањата со потребните документи се доставуваат до општина Радовиш на адреса: Општина Радовиш, бул.„Александар Македонски„ бр.7 Радовиш.

Рокот за поднесување на документите е од 23. 09 2014 до 07. 10 2014 година.

При доставување на документите кандидатите треба да имаат лична карта, или ученичка книшка заради идентификација.

Потребните обрасци можат да се набават во училиштето, или во општина Радовиш.

Некомплетни и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Документи доставени по пошта нема да се разгледуваат.

Резултатите ќе бидат објавени во рок од 8 (осум) дена од денот на завршувањето на конкурсот.

Резултатите од конкурсот ќе бидат истакнати на Огласната табла во општина Радовиш

Незадоволните кандидати можат да поднесат приговор до Градоначалникот на општина Радовиш во рок од 3 (три) дена од објавувањето на резултатите.

Поблиски информации можат да се добијат во училиштето, или во општината.

Градоначалник
на општина Радовиш
Сашко Николов